РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
бр. 0903-283
03.12. 2021 год.

Совет на Општина Свети Николе
Плоштад Илинден бр. 12, 2220 Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

Врз основа на член 52 од Статутот на Општина Свети Николе како и Одлуката на Советот на Општина Свети Николе бр. 0801/563 од 13.11.2015 г. (Сл. Гласник на Општина Свети Николе бр. 15/15) и Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделувања на признанија и награди на Општина Свети Николе бр.0801-653 од 29.11.2019 година Одборот за доделување на награди и признанија покренува:

**Јавна иницијатива за прибирање на пријави со Предлози за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај“ за 2021 година**

**1.** Во чест на празникот „Свети Николај“ Патрон на градот Свети Николе, се распишува Јавна иницијатива за прибирање на пријави со предлози за доделување на награди во следниве категории:

- **Плакети**, се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на Локалната самоуправа во Општината, заштита и унапредување на животната средина и во други области на животот и трудот што претставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општината Свети Николе во изминатиот период од една година до завршување на јавната иницијатива.

- **Признанија** се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во во развојот на локалната демократија, стопанството, науката, и уметноста, придонес во културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација во изминатиот период од една година до завршување на јавната иницијатива.

- **Благодарници** се доделуваат на физички и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината во изминатиот период од една година до завршување на конкурсот.

- **Спомен Плакета** се доделува на поединци постхумно, како признание за особени постигнувања во развојот на демократијата и во поттикнувањето на општествениот развој.

**2.** За гореспоменатите награди може да се предлагаат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани, спортски клубови, граѓани како и странски државјани.

**3.** Се информираат основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за Номинациите за признанијата и наградите во сферата на образованието: најдобар Просветен работник и најдобар ученик за завршената учебна година во вид на одлука да се доставуваат до Одборот за доделување на општински признанија и награди. Основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за таа цел формираат свои интерни комисии. Воедно задолжително треба да достават кратка биографија и да образложат за какви остварувања се донесува одлуката.

**4.** Се информираат основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за Номинациите за признанијата и наградите на учениците од основните и средните училишта на територијата на Општина Свети Николе за ликовен и литературен конкурс.
Основните и средните училишта за таа цел да објавуват конкурс на кој можат да се пријават сите ученици од нивните училишта без ограничување. Училиштата на територијата на Општина Свети Николе е потребно во меѓусебна координација да формираат комисија за таа намена посебно за основните и за средните училишта, во која ќе членуваат по еден претставник од секое од основните училиштата и тоа: посебно за ликовниот и посебно за литературниот конкурс. Комисиите имаат за обврска да ги примат и разгледат пријавените ликовни и литературни творби, да донесат одлука за наградување на најдобрите три ликовни и три литературни творби односно прво, второ и трето место и да доставаат извештај до Одборот за доделување на општински признанија и награди.

**5.** Во пријавите задолжително треба да се достави кратка биографија и да се образложи за какви остварувања се доставува предлогот. Кон пријавата потребно е да се достави и најмалку една препорака од релевантна институција или истакнат поединец од областа во која се конкурира.

**6.** Предлозите да се доставаат на адреса: Општина Свети Николе, Плоштад Илинден бр. 12 (со назнака: за прибирање на пријави со предлози за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај“ 2021 година) или директно во Архива до **13 Декември 2021 година.** Непотполните Пријави како и Пријавите коишто ќе бидат доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.

Датум

03.12.2021 г.

Одборот за доделување на општински признанија и награди